РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
ул. Јуриј Гагарин бр. 15, 1000 Скопје
тел. (02) 3094 200, факс: (02) 3082 937, е-пошта: kontakt@aa.mk

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-031/2018

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
AGJENCIA E ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 01-179/1
13-01-2021 20 год.
Скопје-Shkup

До

АГЕНЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
УЛ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ„ БР. 18
„ЗГРАДА МТВ 14 СПРАТ„- СКОПЈЕ

**Предмет: Годишен извештај за 2020 година**

Врз основа на член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија„ бр.13/2006, 86/2008, 6/2010, 42/2014, 148/2015, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 101/2019, Агенцијата за администрација, Ви го доставува годишниот извештај за 2020 година.

Со почит,

**Директор,**
**Спасе Глигоров**

Изработил:Горан Цветковски

Лице овластено за посредување при остварување право за слободен пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација е државниот службеник: Горан Цветковски, дипл. правник, раководител на Сектор за правни работи.

Број на поднесени барања: 8 (осум);

1. До Агенцијата за администрација, Велимир Јовановски со полномошно од Снежана Јовановска Ацева, согласно член 15 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од Скопје упати писмено барање бр.08-422/1 од 21.01.2020 година, со кое ја побара следната информација од Јавен карактер:

**„Да му се издде препис или фотокопие од писмените кои се упатени до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, како и одговорите кои се добиени од АВРСМ по тие писмени како и фотокопија од кривичната пријава која АВРСМ ја има доставено во предметот 09-569/8 кој се водени при Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ".**

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди дека информацијата која се бара не преставува класифицирана информација со одреден степен на доверливост, со оглед на тоа Агенцијата позитивно одговори на барањето и истото го достави на барателот на информацијата по пошта наведено во барањето на барателот на информацијата во законскиот рок.

2. До Агенцијата за администрација „Транспаренси Интернешенл Македонија„ упати писмено барање бр.08-627/1 од 07.02.2020 година, повикувајќи се на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со кое побара Агенцијата да ги достави:

1. **Број на распишани огласи за 2019 година (вкупно и по месеци)**
2. **Број на распишани јавни огласи за јануари 2020 година**
3. **Број на извршители за кои што биле распишани огласите**
4. **Број на одлуки за избор на кандидати за 2019 година (вкупно и по месеци)**

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди дека информацијата која се бара не преставува класифицирана информација со одреден степен на доверливост, со оглед на тоа Агенцијата позитивно одговори на барањето и го достави на барателот на информацијата по негово барање преку редовна пошта во законскиот рок.

3. До Агенцијата за администрација, Ангел Мојсовски, од „Институтот за европски политики„ од Скопје упати писмено барање бр.08-1302/1 од 18.08.2020 година со кое ја побара следната информација од Јавен карактер:

**-Доставете ни ги Петте објавени огласи за вработување во периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019 година за следниве органи на државната управа:**

**- Министерство за финансии**
**-Министерство за труд и социјална политика**
**-Секретаријат за европски прашања**
**-Генерален секретаријат.**

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди дека Агенцијата располага со бараната информација и позитивно одговори на барањето и истото го достави на барателот на информацијата по редовна пошта во законскиот рок.

4. До Агенцијата за администрација, лицето Тања Каловска Россоу од Хаг Холандија упати писмено барање преку електронска пошта бр.08-1343/1, од 31.08.2020 година со кое ја побара следната информација од Јавен карактер:

**-Дали може лице кое било осудено на казна затвор од 6 месеци (подоцна заменета со условна казна од три години) да биде вработено како државен службеник?**

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди дека информацијата која се бара не преставува класифицирана информација со одреден степен на доверливост, но исто така утврди дека бараната информација не е во надлежност на Агенцијата за администрација и барањето го препрати до надлежното Министерство за информатичко општество и администрација.

5. До Агенцијата за администрација Државната Комисија за спрчување корупција, упати писмено барање бр.08-1380/1 од 02.09.2020 година со кое ја побара следната информација од Јавен карактер:

**- Број на жалби кои биле поднесени до Комисијата на Агенцијата за администрација во однос на прекршувањето на членот 36 од Законот за административните службеници, поради неисполнетост на условот кој се однесува на "Припадност на заедница" за работно место утврден во јавните огласи.**

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди дека Агенцијата располага со бараната информација и позитивно одговори на барањето и истото го достави на барателот на информацијата по редовна пошта во законскиот рок.

6. До Агенцијата за администрација е доставено барање од страна на Центар за економски анализи, од Скопје, бр.08-1451/1 од 21.09.2020 година, со кое ја побара следната информација од Јавен карактер:

- Ве молиме за одговор како буџетски корисник од прв ред, за буџетската 2020 година а како резултат на Ковид -19 ефектите дали :

1. Според член 11 од Законот за Буџетите, а во рамки на централниот буџет се планирани средства за непредвидени случаи како постојана и тековна резерва, во текот на 2020 до сега и дали сте ја искористиле можноста за користење на овие средства и тоа:
Дали сте барале и користеле од постојаната буџетска резерва и во која висина (пресек до најнов достапен со наведување на датум 31/08/2020)?
Дали истите се зголемиле со прераспределба за вас како буџетски корисник ако да во која висина ?
Дали сте барале и користеле од тековната буџетска резерва и во која висина (пресек до најнов достапен со наведување на датум 31/082020)?

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди дека информацијата која се бара не преставува класифицирана информација со одреден степен на доверливост, со оглед на тоа Агенцијата позитивно одговори на барањето и истото го достави на барателот на информацијата по електронска пошта наведено во барањето на барателот на информацијата во законскиот рок.

7. До Агенцијата за администрација Оливера Стојкоска –ХЕРА- Асоцијација за здравствена едукација и истражување, упати писмено барање бр.08-1516/1 од 29.09.2020 година со кое ја побара следната информација од Јавен карактер:

1. Податоци за вкупниот број на вработени лица во Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, сегрегирани по пол за 2019 година?
2.Податоци за бројот на вработени кои се на раководни работни места во Агенцијата за администрација на РСМ, сегрегирани по пол за 2019 година?
3.Податоци на вработени кои се на нераководни работни места во Агенцијата за администрација на РСМ, сегрерирани по пол за 2019 година
4.Податоци за бројот на вработени Роми во Агенцијата за администрација на РСМ, сегрегирани по пол за 2019 година
5.Податоци за бројот на вработени Роми кои се на раководни работни места во Агенцијата за администрација на РСМ, сегрегирани по пол за 2020 година?
6. Податоци за бројот на вработени Роми кои се на нераководни работни места во Агенцијата за администрација на РСМ, сегрегирани по пол за 2019 година?

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди

дека информацијата која се бара не преставува класифицирана информација со одреден степен на доверливост, со оглед на тоа Агенцијата позитивно одговори на барањето и истото го достави на барателот на информацијата по е- пошта наведено во барањето на барателот на информацијата во законскиот рок

8. До Агенцијата за администрација лицето Дора Арифи од Тетово преку полномошник„ АДВОКАТСКО ДРУШТВО МАРКОВСКИ И ПАРТНЕРИ„ ја побара следната информација од Јавен карактер.

**-Врз основа на член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бараме од Вас да ни дозволите увид во Извештајот од досега спроведената постапка по јавен оглас бр. 85/2020, како и следствено увид во пријавите доставени од преостанатите кандидати за огласот.**

**Дополнително бараме од Вас да ни биде издаден препис од документите по спроведениот увид.**

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди дека информацијата која се бара не преставува класифицирана информација со одреден степен на доверливост, освен податоците кои се содржани во пријавите на останатите кандидати од причина што истите содржат лични податоци кои подлежат на посебна заштита согласно Законот за заштита на личните податоци. Со оглед на тоа Агенцијата позитивно одговори на барањето и истото го достави на барателот на информацијата по е- пошта наведено во барањето на барателот на информацијата во законскиот рок.

Број на одговорени барања: **Сите 8 (осум)** поднесени барања **се одговорени;**

Број на одбиени барања: **нема.**

Број на вложени приговори и одлуки: **нема.**

Број на поведени управни спорови против конечната одлука или во случај на молк на имателот на информацијата: **нема.**

Број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управен спор е позитивно решена, како и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд: **нема.**

Скопје 13.01.2021 година.

Лице овластено за посредување при остварување право за слободен пристап до информации од јавен карактер
Раководител на сектор,
Дипл. прав. Горан Цветковски